**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
**од Шестата седница на**
**Националниот совет за евроинтеграции**
**одржана на 08.02.2012 година**

**(заедничка седница со Комисијата за европски прашања**
**на Собранието на Република Македонија)**

**Скопје, февруари 2012 година**

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**Од Шестата седница на Националниот совет за евроинтеграции,**

**и Единаесетата седница на Комисијата за европски прашања**

**на Собранието на Република Македонија (заедничка),**

**одржана на 08.02.2012 година, сала Борис Трајковски**

Седницата започна во 11.15 минути

**Радмила Шекеринска:**

Добар ден на сите.

Дозволете ми да ја отворам заедничката седница на Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања на Собранието на Република Македонија.

Денешната седница е трета заедничка седница на овие две тела на Собранието, бидејќи дискутираме на тема која што е навистина од заеднички интерес, која што е важна, долгорочна и која што во принцип треба да ја сконцентрира дебатата за тоа што Македонија ќе работи во текот на 2012 и годините кои што ќе дојдат. А тоа е документот Годишна ревизија на Националната програма за усвојување на европското право. Дозволете ми да кажам дека на заедничката седница покрај членовите и претставниците на Националниот совет за евроинтеграции и членовите на Комисијата за европски прашања, поканети се и претставници на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија како и претставници од Амбасадите на земјите членки.

Дозволете ми да се заблагодарам и да ги поздравам денеска и во ваше име, вршителот на должност шеф на делегација на Европската унија, амбасадорот на Шпанија, амабасадорот на Австрија, амбасадорот на Словенија, амбасадорот на Чешката Република, амбасадорот на Италија, господинот амбасадор на Унгарија, амбасадорот на Сојузна Република Германија, како и претставниците од дипломатските мисии на Бугарија, Грција, Унгарија, Словенија и Европската комисија. Се надевам дека ќе ми извините што не ја презедов ризичната задача да ги читам и вашите имиња, меѓутоа топло и пријателско добредојде од страна на сите денеска присутни.

Во исто време дозволете ми да се заблагодарам и за присуството на вицепремиерот за евроинтеграции кој денеска ќе има воведно излагање по главната точка на дневниот ред, госпоѓата Теута Арифи.

За денешната 6-та седница на Националниот совет за евроинтеграции и 11-та седница на Комисијата за европски прашања, предлагаме заеднички дневен ред.

Првата точка по која што ќе дебатираме е Националната програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2012, која ви беше доставена пред доволно време, иако се работи навистина за обемен документ,

И втората точка која што ќе ја додадеме како точка и на Комисијата за европски прашања, ќе биде заклучување по дебатата со усвојување на Мислење за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2012 година, кој исто така како текст ви беше поделен.

Предлагам денешната дискусија да ја сконцентрираме на првата точка и тука да водиме заедничка расправа, а по втората точка двете работни тела ќе носат поединечни заклучоци. Предлагам да го усвоиме предложениот дневен ред.

Прво ќе го усвоиме формално дневниот ред на Националниот совет за европски интеграции, дали има некои предлози за измени или дополнувања на дневниот ред, ако нема тогаш можам да заклучам дека Националниот совет едногласно го утврди дневниот ред по кој што денеска ќе работиме. Истото ќе го побарам сега и од членовите на Комисијата за европски прашања, дали има предлози за измени или дополнување на овој дневен ред. Ако нема ќе ги замолам колегите членови на Комисијата за европски прашања со дигање рака да се изјаснат за предложениот дневен ред.

Благодарам.

Констатирам дека е усвоен дненвиот ред на 6-та седница на Националниот совет, и за 11-та седница на Комисијата за европски прашања.

Материјалите претходно беа доставени на вашите електронски пошти. Бевме свесни дека се работи за навистина сериозен материјал, и од тие причини дадовме навистина доволно време од моментот кога беше испратен материјалот до моментот на дебатата за да можат да се подготват и пратениците и претставниците на Националниот совет.

Дозволете ми да ја отворам првата точка на дневниот ред со тоа што ќе и дадам воведно излагање на госпоѓата Теута Арифи, вицепремиер за европски прашања, повелете.

**Теута Арифи:**

Благодарам.

Ви благодарам за можноста да можеме да дискутираме заедно што се однесува на ревизијата на Програмата за правото на Европската унија и дозволете ми сосема на почетокот јас да ја искористам оваа прилика за да може јас да ги информирам двете комисии кои што се со парламентарна релевантност во однос на осмата средба на Советот за стабилизација и асоцијација која што се одржа во Брисел. Оваа прилика јас сакам да кажам дека тоа беше навистина исклучително успешна средба и имавме можност да донесеме заеднички заклучоци што се однесува на напредокот на Македонија во процесите на евроинтеграцијата заедно во овој совет се согласивме дека навистина е направена исклучително добра работа што се однесува на реформските процеси, меѓутоа сеуште останува да се направи уште во областа на судските реформи, во областа на јавната администрација, дијалогот со медиумите и борбата против корупцијата итн.

Во истовреме јас сакам да ги информирам овие комисии кои што ќе следат во текот на месец март, токму во Брисел ќе се организира една надзорна дебата која што се однесува на активностите на Република Македонија со големо учество на парламентарните претставници и Европската комисија и истовремено оваа презентација на овој денешен документ ќе биде во истовреме и документ кој што ќе биде презентиран и во Брисел откако ќе ја имаме завршена дебатата тука во Парламентот, и откако ќе имаме веќе дебатирано со претставниците на невладините организации, датум кој што ние сме го утврдиле за 17 февурари, значи следната недела за да може да се заокружи овој процес на дијалог.

Во истовреме сакам да најавам со посебно задоволство дека исто така на средината на месец март ќе се одржи и дијалог на високо ниво со Европската унија на кој што мислам дека на многу супстанцијален начин ќе имаме можност да водиме дијалог, посебно за поглавјата 23 и 24 од Договорот за стабилизација и асоцијација, што мислам дека за еден нов чекор, чекор напред во процесот и работата што ние ја правиме со Европската унија.

Сега да се навратам на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, за која ценам дека претставува еден клучен документ за процесот на интеграцијата во Европската унија, кој ја одразува динамиката на усогласување на националното законодавство со Европското, како и прилагодувањето на националните институции кон европските административни структури.

Националната програма за усвојување на правото на Европската унија - ревизија 2012 година, претставува петта, ревизија на НПАА, како што кратко ја викаме, слично како и претходните ревизии, ревизијата за оваа година го задржува истиот методолошки концепт за подготовка на овој документ, содржински, ги опфаќа плановите за усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската унија, потребната динамика за јакнење на институциите и спроведување на законодавството како и неопходните ресурси за нејзина реализација.

Сакам овде  да наведам кои беа клучните елементи при оваа годишна ревизија. Најпрвин беа секако наодите на извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во процесот за пристапување на Европската унија. Обврските од спогодбата за стабилизација и асоцијација, односно препораките на Европската комисија искажани на Комитетот за стабилизација и асоцијација и целиот циклус на подкомитети, одржани во текот на 2011 година. Приоритетите наведени во одлуката на Советот за принципите, приоритетите и условите содржани во партнерството за пристапување во Европската унија. Стратешките планови во министерствата, буџетот на Република Македонија за 2012 година, тековни и планирани проекти за странска помош. Овој беше склопот значи бадаментот врз кои направивме ревизија на НПАА за 2012 година. Доколку ми дозволите ќе продолжам со делот кои ги опфаќа политичките критериуми и планираните активности во однос на политичките критериуми.

Преку активностите за унапредување на реформите НПАА се труди да одговори на забелешките нотирани за извештајот на Европската комисија за остварениот напредок, спроведените мисии во областа на правда, слобода и безбедност како и препораките одржани од состаноци на редовна основа на високо техничко ниво. Продолжува фокусот врз јакнењето на владеењето на правото врз реформата на јавната администрација, имајќи предвид дека истите продолжуваат да бидат и едни од најзначајните предизвици и основни

предуслови во процесот на приближување кон процесот на Европската унија. Следејќи го новиот пристап, во водењето на преговорите, и новиот процес кој се овозможува за поглавјата 23 и 24 кој наскоро ќе биде воспоставен, како и тргнувајќи од поставените приоритетни области најавени во рамки на претпристапниот дијалог, напорите оваа година ќе бидат фокусирани, насочени кон натамошна изградба на независно и ефикасно судство, борбата против корупцијата и организираниот криминал, реформата на јавната администрација, одговорноста, ефективноста, обезбедувањето на слободата на изразување меѓуетничките односи и изборната реформа. Во однос на политичките критериуми овој ефект на прашањата на кои ќе се фокусираме 2012 година.

Дозволете ми поконкретно да се осврнам кон активностите.

Во однос на активностите кои се  активности на Собранието, кои се исто така голема одговорност на Собранието како институција, се активности кои се поврзуваат со обезбедување на потребните услови за одвивање на политичкиот дијалог и висок степен на координација. Редовна имплементација на одредбите на Законот за Собрание и секако инсистирањето, воспоставениот парламентарен институт, преку пополнување на потребните вработувања да ги дава првите резултати.

Ќе се работи на адресирање на препораките од конечниот извештај од ОБСЕ  и ОДИХР од изборите спроведени во 2011 година. Како што веќе знаете минатата недела го започнавме конкретниот процес формирајќи го управувачкиот комитет, каде што ги отворивме уште еднаш прашањата и ги формиравме работните групи кои ќе работат на прашањата кои беа подвлечени во извештајот на ОБСЕ и на ОДИХР.

Имајќи ја предвид важноста на Охридскиот рамковен договор за континуирано јакнење на дијалогот помеѓу заедниците ќе се продолжи со негова имплементација. Од особено значење е развојот на долгорочен план на усогласување на понудата и побарувачката на вработувањата по К-5 Програмата. Како што знаете тоа е процесот на вработување на претставниците на заедниците. Но исто така, со една голема тенденција да ги адресираме и барањата кои беа поставени од страна на Европската унија во извештајот и не само во извештајот, туку и во другите документи во однос на зголемување на квалитативното учество на претставниците на заедниците во рамките на администрацијата преку обуки организирани во континуиран начин.

Промовирањето на меѓуетнички односи преку граѓанскиот сектор ќе продолжи и оваа година, така да што на невладините организации ќе им бидат доделени 12 милиони денари, наменети за финансирање на програмски активности од полето на меѓуетничките односи. Исто така процесот на децентрализацијата како една од основните принципи на Охридски рамковен договор, ќе се следи и евалуира согаласно новиот програмски документ, програма за спроведување на процесот на децентрализација и локална самоуправа од 2011-2014 година.

Основен документ согласно кој ќе бидат имплементирани активностите во процесот на реформа на јавна аднинистрација е Стратегијата за реформа на јавната администрација 2010 и 2015 година и нејзиниот акционен план.

Ќе се работи на натамошно јакнење на капацитетите на Министерството за информатичко општество и администрација, со цел истото да одговори успешно на задачата за координација за процесот на реформа на јавната администрација. Согласно обврските што ги презедовме во акционите планови што ги спремавме, после листата на задачи добиена од страна на Европската унија, во 2012 ќе се пристапи кон анализа на примената на Законот за државни службеници и Законот зза јавните службеници. Во анализата ќе се земе предвид опфатот на вработени кои треба да имаат статус на државен и јавен службеник, опфатот на државната и јавната служба, институции кои треба да бидат опфатени со ваков статус.

За натамошно јакнење на независноста на судството ќе продолжи примената на законските одредби во однос на назначувањето на судиите и јавните обвинители, на начин кој ќе обезбеди почитување на принципот 50%-50% при именување на судии и јавни обвинители од редот на кандидатите на академијата за судии и јавни обвинители наспроти останатите извори. Се со тенденција набрзо да стигнеме до критериумот и интересот што е заеднички со Европската унија 100% ангажирање на судии само од слушателите на академијата за судии. Согласно препораките од извештајот на Европската унија каде се наведува потребата за непречено спроведување на новата законска рамка и структурите воведени со Законот за кривична постапка во текот на 2012 година, ќе се продолжи со реализација на активностите за имплементација на ЗКП преку заокружување на законската рамка.

Согласно препораките од извештајот на Европската унија, како и препораките од неколку досега спроведени оценски мисии до крајот на месец март, Владата ќе ги усвои измените на Законот за следење на комуникациите

кои се однесуваат на огласувањето на министерот за внатрешни работи во делот на следењето на комуникациите.

Согласно приоритетите на Европската унија каде се предвидуваат измени во законодавството со цел заштита на пријавувачите на делата на корупција со НПАА се предвидува да се донесат измени и дополнувања на Законот за спречување на корупција.

Во однос на слободата за изразување и слободата на медиуми и во идниот период ќе продолжи отпочнатиот дијалог меѓу Владата и медиумите во насока на надминување на констатираните слабости и особено во делот на декриминализација на кривичните дела клевета и навреда.

Обуката на судиите и јавните обвинители кои имаат надлежност да работат на овие случаи, понатаму ќе продолжи, додека исто така сметам дека овој дијалог ќе ги даде своите резултати некаде на почетокот на пролетта.

Со цел подобрување на состојбите вклученоста и пристапот на Ромската популација во приоритетните области, ќе се продолжи со имплементација на стратегијата за Ромите. Значаен фокус ќе биде даден за имплементација на неодамна усвоениот акциски план, инфузија на Роми и Роми бегалци, особено во областите домување, образование, вработување и пристап на лицата до лични документи.

Доколку накратко ми дозволувате би се осврнала во делот на економските критериуми кои исто така се опфатени со Националната програма. Значи претежно во овој дел ангажирањето е во подобрување на деловното опкружување, подобрување на даночната и царинската политика во функција на поддршка на економскиот раст, привлекување на странски директни инвестиции и поттикнување на инвестициската активност. Секако дека се предвидени активности во делот на внатрешниот пазар и конкуренција, правото за основање и слобода на давање услуги, правото на трговски друштва, правото на интелектуална сопственост, политиката на конкуренција, слободното движење на капитал и секако во делот на јавните набавки.

Сакам да подвлечам дека ми причинува особено задоволство што денеска за оваа Национална програма, за оваа ревизија разговараме тука во рамките на овие комисии и би ве поканила да навистина со вашите сугестии, да помогнете оваа ревизија за 2012 година, на оваа програма, да биде уште подобра, да биде уште покомплетна, да биде по инклузивна, имајќи го впредвид фактот дека ни претстои една активна година во рамките на нашиот

процес со Европската унија, особено уште еднаш би нагласила во рамките на поглавјата 23 и 24 што ни дава една нова можност да покажеме не само повеќе ентузијазам, туку и повеќе капацитети како држава и како инстутуции кои навистина се стремат кон членство, вистинско членство во Европската унија. Ви благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам госпоѓо Арифи.

Со ова ја започнуваме дебата по Националната програма за усвојување на европското право - Ревизија 2012.

Ќе ве замолам сите оние кои сакаат да се пријават за збор да достават барање, да се потпишат на формуларите кои што се пред вас.

Прво ќе му дадам збор на претседателот на Комисијата за европски прашања, господинот Мисини, повелете.

**Хајрула Мисини:**

Благодарам.

Најпрво дозволете ми да го поздравам вицепремиерот задолжен за европски прашања во Владата на Република Македонија, госпоѓа Теута Арифи, која лично ја презентираше Националната програма за усвојување на правото на Европската унија - Ревизија 2012 година.

Исто така, го поздравувам присуството на амбасадорот во Република Македонија, амбасадорите на земјите членки во Европската унија.

Денешното излагање на вицепремиерот за европски прашања, госпоѓа Арифи, на зедничката седница на двете тела, кои го контролираат интегративниот процес во Собранието, самиот потврдува транспарентноста и отчетноста за работата на Владата на Република Македонија за евроинтеграциите на земјата. Како што најави претседателката на Националниот совет за евроинтеграции госпоѓа Шекеринска, денеска ќе расправаме за многу значајна и актуелна тема, Националната програма за усвојување на правото на Европската унија - Ревизија 2012 година. Комисијата за Европски прашања, расправаше по годишните ревизии на НПАА, денеска имаме новитет, каде Националанта програма за усвојување на правото на Европската унија заеднички се разгледува со Националниот совет за евроинтеграции. Ова претставува позитивен импулс во процес на

мониторирање на работата на Владата, во овој сегмент од страна на Собранието на Република Македонија.

НПАА програмата останува да биде клучниот документ за процесот на интеграција во Европската унија која одразува динамиката на усогласување на националното законодавство со европското. Како и прилагодување на националните институции, кон европските и административните структури што секако еден од клучните обврски на земјата во процесот на пристапување кон Европската унија. Станува збор за навистина обемен и стратешки документ, во кои е проектирана работата за тековната година, при што е ажурирано, значи сработеното и дополнително се внесени препораките и забелешките на Европската комисија, односно остварениот напредок на земјата во процесот на пристапување кон Европската унија. Ревизијата на пат за 2012 година ја следи структурата на Копенхашките и Мадридските критериуми, претставува основа за проектирање на краткорочни и среднорочни приоритетни цели. Оваа година НПАА ќе биде отворен процес, кој ќе се ревидира согласно потребите по добиените мислења од Собранието на Република Македонија, невладиниот сектор, Европската комисија, како и од укажувањата кои ќе произлезат од државните оценки мисии или подкомитети. Направена е детална анализа на Европската унија мерките кои треба да се трансформираат во македонското законодавство, предвидени се активности и процеси на стратешкото планирање, буџетското планирање и планирање на странска поддршка во државната администрација. За оваа година, е предвидено да се донесат вкупно 76 закони, кои значат усогласување со правото на Европската унија, 290 подзаконски акти, ќе се транспонираат 448 ЕУ мерки, односно директиви и регулативи, одлуки и конвенции.

Овој документ треба да ни претставува патоказ за сите наши чекори во однос на евроинтегративниот процес во Република Македонија. Треба да биде точка на обединување на нашите активности и сите општествени структури и институции, својата енергија треба да ја насочат кон реализирање и остварување на оваа програма, ова е во интерес на сите нас.

Јас неколку пати од оваа говорница имам кажано и апелирам, дека за нас за целото македонско општество, европските и евроатланските интеграции продолжуваат да бидат главна движечка сила и фактор на обединување и соработка. Непостои одржлива алернатива ниту за регионот, ниту за Македонија освен евро-атланските интеграции. Република Македонија под

водството на оваа Влада останува посветена на европските и евро-атланските интеграции. Затоа ние ќе продолжиме кон исполнување на суштинските реформи на имплементирање на вредностите и критериумите кои ќе не приближуваат до посакуваната цел. Но уште позначајно ќе одговараат на реалните потреби на нашите сограѓани. Нашето наследство е Европско со векови, тоа наследство е поставено кон европскиот контекст. Македонија е по дефиниција европска. Република Македонија е населена од луѓе од различни потекла, религии и јазици. Со богатството на оваа разноликост, Македонија е тоа што е. Ние сме посветени на одржувањето на оваа разноликост и на заштитата на граѓанските права на сите наши граѓани. Нашите напори да се интегрираат сите елементи на општествената реалност во Македонија биле многу пати истакнати и пофалени. Мирен заеднички соживот на различните религиозни или јазичните заедници во Македонија, покрај сите практични и секојдневни тешкотии, не е е реликт на еден свет кој пропаднал, туку проект на европската иднина. Ова што е денес Македонија, тоа е Европа утре. Во моменти на економска и финансиска криза нам ни е потребно да имаме повеќе, а не помалку Европа. Кризата не смее да биде алиби за да запреме на процесот, да го напуштиме патот кој сме го зацртале градителите на Европа. Напротив токму во услови на криза ние треба да се вратиме на основните принципи кои што го водеа европското обединување и кои впрочем беа мотив за излез од тогашната криза на европските држави. Се надевам дека Собранието и понатаму ќе го држи постигнатиот консензус на Европската унија за истите прашања, така со заеднички напори ќе успееме да ги донесеме законите предвидени за 2012 година во НПАА и дека ќе и дадеме поддршка за сите предвидени активности во овој документ. Ви благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Има тројца пријавени за збор, дозволете ми сакам да ги стимулирам и останатите да се пријават.

Дозволете ми да го кажам моето мислење за Националанта програма за усвојување на правото. Мислам дека и денешново присуство на оваа седница и полната сала, покажуваат дека сите сме свесни дека ова е навистина важен документ, со кои дефинираме на почетокот на годината каде ќе се движи Македонија и тоа не само на планот на европските интеграции, туку генерално на сите внатрешни реформи. Практично нема област која што не е покриена со

овие 500 и повеќе страници. Токму поради тоа сакам на почетокот да кажам, дека согласно разговорите кои што ги водевме за денешната дебата, планот ни е оваа дебата денеска да не заврши. Бидејќи ако завршивте дебата за неколку часа за документ кој што содржи 500 страни, 40, 50 подрачја различни поглавја, тоа значи практично и не сте воделе дебата. И нашата цел денеска на Националниот совет и на Комисијата за европски прашања е да почнеме многу посериозно да ја третираме Националната програма за усвојување на европското право во Собранието на Република Македонија и да ја сметаме таа како една од сидрата на политиките што ги водиме во следниот период.

И затоа не случајно во заклучоците кои што се надевам дека ќе бидат усвоени, предвидуваме оваа Национална програма да ја разгледаат и сите комисии во Собранието, кои што само на таков начин на информирано ниво ќе можат понатаму да дискутираат кога ќе се донесуваат овие закони, кога ќе се анализираат информациите од сработеното и кога на крајот од годината треба да ставиме црта и самите да кажеме дали сме успеале или не сме успеале.

Дозволете ми да кажам дека многу е тешко да се анализира вака крупен документ и јас се разбира дека ќе се сконцентрирам на оние работи кои што се слабост на документот и кој што сметам дека во иднина треба да бидат подобрени. Сметам дека и оваа ревизија на Националната програма страда од три системски слабости. А како резултат на овие три системски слабости понатаму мислам дека имаме конкретни проблеми во различните подрачја. Првата системска грешка е што материјалот страда од многу поголема извештајот отколку планирање. Мала математика која што ја направив или мала анализа на текстот ми покажа дека само една третина од напишпаното се однесува на периодот што следи. А многу повеќе текст, внимание и енергија е посветено на тоа што било. Мислам дека тие работи мора во иднина да се корегираат. Ние добиваме од Владата извештаи и во нив треба да се каже што е сработено во годината и кои биле утврдените можеби слабости. Овој документ е документ за гледање напред. За жал ако го читате документот, тој впечаток нема да го стекнете. Јас ќе ви кажам бидејќи често пати зборуваме дали нашите констатации политички се реални или не, ќе ви кажам неколку едноставни математики. На пример ако погледнете колку пати во текстот е спомнувана 2011 година, што помина и е зад нас, ќе видите дека таа е многу често спомнувана, отколку 2012 , 2013 и 2014 година. Значи, извештајот еве и во мојата реченица просто излезе на површина, многу повеќе извештај, а многу

помалку план. И во принцип планот е тешко да го водите од многуте пасуси и страници од тоа што било. Во исто време, многу често извештајот дефинира дека нешто ќе продолжиме да го правиме на ист начин како до сега. Мала една штих проба која што ја направив, навистина за мене делуваше обесхрабрувачки. Ако пресметате колку пати се користи терминот - ќе продолжи, ќе продолжи да се свикува, ќе продолжи да се мониторира, ќе продолжи да се работи на еден или на друг начин, ќе видите дека тоа е 600 пати тоа е споменато низ текстот, 614 пати конкретно. А ова на тој начин се дефинира како план на континуитет. А мислам дека тоа не ни е доволно, ако Македонија продолжи како до сега, резултатите кои што ќе ги добиеме до крајот на годината, резултатите нема да бидат добри. Затоа што и извештајот на Европската комисија и она што ние го кажувавме на крајот од минатата година, беше дека во некои области работите не одат во вистински правец, и не ни треба да продолжиме, туку треба да ги промениме. За жал тоа во текстот во Националната програма не провејува и мислам ова е најкрупната слабост. Втората слабост е што во документот имате многу податоци за тоа што треба да биде направено, што е во ред, но го немаме клучниот податок, а тоа е колку пари тоа ќе чини. Или барем така е во документот кој што сите ние го имаме. Ако го погледнете Анексот 1, прилогот 1, кој мислам дека е од аспект на квалитет чекор напред во однос на минатата година, бидејќи минатата година немавме ваков така наречен Акциски план, сега ги имаме тие активности, проблемот е што на секое, на крајот стои потребни средства нула. Ако видите дека ќе градиме, ќе ги поправаме овие затворите и воспитно поправните установи буџет нула. Ќе отвараме центри за лица со посебни потреби, нула. Ќе правиме обуки, ќе правиме вработувања, зголемувања на капацитетот, буџетот нула. Ова беше една од крупните слабости која што беше идентификувана и од наша и од европска страна уште минатата година. Ако вие кажете дека за еден ваков амбициозен и обемен план, буџетот ви е нула. Тоа исто значи како да известите дека и резултатите нема да бидат сјајни, без пари, ништо од ова не може да биде сработено. И би апелирала понатаму да ги добиеме и податоците за тоа колку средства се потребни и за да можеме да анализираме дали тие средства ги има во буџетот. Инаку, без врската помеѓу националната програма за усвојување на еворпското право и буџетот овогодишен, ова ќе остане мртва буква на хартија. И третата, кога сум веќе кај хартијата, тука сакам да ја споменам третата слабост помене и оваа програма страда од

најава на многу, многу нови документи кои што ќе се усвојуваат во годината. Сега ќе ви кажам само делот политички критериуми дури и да не одиме во поглавјата 23 и 24, ќе видите дека оваа година. ќе направиме 10 нови стратегии, 10 нови акциски планови и 8 нови извештаи. Што е многу, многу е. Знаете како, ако порано била тезата, ако не знаеш да решиш одреден проблем направи Комисија, сега има нова верзија, ако не знаеш да решиш некој проблем, направи нова стратегија, иако има и стара можеби. А ако ни тогаш не ти тргнат работите, направи акциски план. Ако и тогаш не одат работите, направи Комитет. По мене хартијата многу често се троши, за да се покрие недостигот на вистински индикатори и потребата од вистински резултати. Еве, ќе ви кажам еден пример. Погледнете само во делот на децентрализација. Јас не можев, верувајте да ги дочитам документите нови кои што ќе ги правиме. Имаме програма, сега ќе правиме акциски план за реализација на програмата. Па ќе усвоиме методологија за следење на акцискиот план. Па ќе направиме нова програма за децентрализација, па ќе имаме работна група, и таа работна група ќе има свој акциски план. Во делот на еднакви права помеѓу мажите и жените, има 4 активности, една е закон, три се нови стратегии и нови акциски планови. Значи, сите сме свесни дека кога ќе тргнете некаде, треба да знаете каде одите. Ама па, ако единственото нешто што го правите успат е потпишување на документи, мислам дека многу пари и многу енергија ќе отиде залудно. Од овие три системски грешки мислам дека понатаму произлегуваат многу сиви зони во националната програма. Дозволете ми да се задржам на некои од нив.

Почнувам можеби политички од најчувствителните. На пример, изборите. Јас го поздравувам фактот ете се најавува и се најави дури и на медиумите управувачки комитет во кој патем речено се присутни претставници на власта, претставници на меѓународната заедница, не знам на каков начин тука ќе се вклопат и другите политички партии кои што учествуваат во Собранието, и тоа не е најавено во националната програма, меѓутоа, по мене навистина не е во ред да уште од сега да не најавиме дека ќе се справиме со најголемата критика во извештајот конечен на ОБСЕ и ОДИХР, а тоа е притисоците врз администрацијата. Кога ќе го читате дури делот за администрација, реформи за админситрацијата, исто така таа критика како да сме ја заборавиле. И мислам дека тоа покажува отсуство на волја да се

справиме или да ги признаеме тие мани, или да најдеме начин да ги решаваме.

Понатаму, во делот на судскиот систем кое што е исто една од рак раните, не се најавува, не се дава одговор на многу едноставни прашања. А тоа е што ќе се случува со реформите во Обвинителството. Ние најавивме дека генерално ќе го менуваме, и тоа во законите го прифативме, ќе се менува целиот систем на судска постапка, во која обвинитлството ќе има многу поголема улога отколку до сега, го сменивме законот и одеднаш излезе на површина дека Обвинителството ги нема парите и ги нема ресурите за да ја носи таа функција, за тој проблем во Националната програма нема решение. Нема ниту насока во кое време, со колку пари и на кој начин ќе се реши проблемот. И уште еден крупен минус по мене, се однесува прашањето на медиумите. По мене бегло се поминува по еден од најтешките области, една од најтешките критики која што ја претрпевме во изминатиот период. Се кажува само дека функцијата работната група што веќе го знаеме. Се кажува дека во таков консензус ќе се изнајдат решенија што веќе го знаеме. Меѓутоа замислете во сите краткорочни, среднорочни, и секакви приоритети од областа на поглавјето кое што покрива информатичко општество и медиуми нема ниту најава за кривичниот законик на пример. Ниту најава. Стои дека Советот за радиодифузија ќе изработува полугодишни анализи за следењето на сопственичката структура на радиодифузерите, ама нема одговор на прашањето зошто до сега три пати Советот за радиодифузија не успева да ја заврши сопствената задача. Наредени се само 40 извештаи кои што ќе ги подготвува Советот за радиодифузија, меѓутоа на овие главните, практично и да нема реакција. Истиот проблем се чита и во друго поглавје кое што се однесува на граѓанските и политичките права. Ќе биде подготвен акциски план. Нема промена на закон. Нема најава барем политичка волја дека ова прашање ќе се решава и по мене доколку Националната програма за усвојување на европското право, во делот на медиумите остане непроменлива тоа ќе значи, барем јас така ќе го читам, дека сето она што се најавува, што се дебатира на заедничките средби помеѓу Владата и медиумите ќе остане само на нивото на фасада и глума. А дека суштински Владата нема политичка волја овие работи да ги решава и мислам дека е тоа крупна слабост.

Дозволете ми да укажам на некои работи кои мислам дека мора да бидат искорегирани и апелирам тоа и до Владата да го земе во предвид, а

токму поради тоа што имаме голем текст и токму поради тоа што текстот многу често повеќе назад отколку напред, имаме ситуација практично копи-пејст на национални програми од минатата и пред минатата година. И не изгледа убаво, верувајте, значи кога ќе се враќате назад и повторно истите реченици, само за пример дека не зборувам напамет, ќе ви кажам, погледнете слободно движење на стоки, страница 63 е целосно истата страница со 49 од минатогодишниот извештај. Страната 64 е иста во делот на стандардизацијата како страната 50 од минатогодишниот извештај итн, итн, реченици заборавени дури во кои се зборувам дека во 2011 ќе направиме нешто.

Мислам дека тоа е нешто што треба да се корегира и последниот коментар што сакам да го кажам е дека голем дел од активностите кои можеби политички не се толку видливи во јавноста и за кои не дебатираме, за жал, ги одлагаме од година во година. Еве како пример, погледнете само во делот на конкуренција, сите 9 подзаконски акти кои што ќе треба согласно новиот план до крајот на годината да ги донесе Владата на Република Македонија се истите 9 подзаконски акти кои според Националната програма за усвојување на правото 2011 требаше да ги донесеме минатата година. Истото се случува и во делот на земјоделието, на руралниот развој, не сакам да ве обременувам со примери ги има многу.

Значи, апелирам овој систем на известување и на информации кои што ќе продолжи годинава да биде прецизен, јасен и без многу страници, туку да гледаме на површина да излезат работите кои сме ги завршиле, ама и работите кои што чекаат да бидат завршени. Жалам што нема одговор на прашањето зошто е избришан Законот за безбедност на разузнавачки служби во Република Македонија. Минатата година беше предвиден со Националната програма, добивме известување дека ќе биде одложен за следната, во оваа ревизија на чудно и необјасниво Законот за безбедност на разузнавачки служби исчезна. Дали тоа значи дека Владата на Република Македонија сака да ја остави оваа зона сива или црна, како и до сега.

Дозволете ми да завршам со поддршка, многу повеќе внимание и многу повеќе енергија да посветима на Националната програма, ќе ја имате поддршката, еве дозволете ми да кажам од целиот Национален совет, меѓутоа мислам дека оваа Национална програма многу повеќе треба да се концентрира на суштинските дилеми на реформите што се неопходни во делот на медиуми, во делот на корупција, во делот на судство и администрација, отколку да биде

само повторување на тоа што сме го напишале претходната или предпретходната година. Благодарам.

Госпоѓа Бонева е пријавена за реплика, повелете.

**Силвана Бонева:**

Благодарам госпоѓа Шекеринска, сосема накратко на самиот почеток сакам да го поздравам денешното заедничко работење на двете комисии и самиот факт што Собранието на Република Македонија му дала таков интерес на овој важен документ како што е Националната програма, ревизија 2012 година јасно ја покажува волјата на законодавниот дом за наше понатамошно работење за проближување на Република Македонија кон Европска унија, во исто време покажува дека Владата на Република Македонија исто така посветено работи на европските интеграции без оглед на проблемите со кои се соочува во моментов Република Македонија, дека цврсто сме одлучени да чекориме и продолжуваме и понатаму да чекориме по патот кој што сите заеднички го имаме зацртано и кои што го имаат трасирано граѓаните на Република Македонија, Македонија да биде дел од Европска унија, самата Национална програма зборува за сериозноста на пристапот кој што го има Владата на Република Македонија кон европските интеграции. За тоа зборува и Акцискиот план што го имаме заедно во овој документ, Акциски план во кој што многу сериозно и јасно се дадени сите обврски што треба да ги спроведат сите институции, сите тела во земјата, се со цел да може да стане реалност она што е зацртано во Националната програма во Ревизијата 2012 година.

Секогаш кога правиме нешто ново некој нов документ, нормално е да се осврнеме назад, да видиме што е тоа што сме го сработиле, што е тоа што сме пропуштиле да го направиме за да можеме да го надоместиме тоа и да продолжиме во наредната година со активности што стојат пред нас. Секогаш и во годините нанапред и кога Македонија ќе биде членка на Европска унија, убедена сум дека приоритет ќе имаат и реформите во судството, и реформите во јавната админстрација, и борбата против корупцијата и организираниот криминал, и медиумите и нормално е тоа да биде приоритет и на нашата Национална програма и на Ревизијата која што е направена на програмата за 2012 година.

76-те закони и 260 мислам дека беа, подзаконски акти кои што треба да бидат изготвени, јасно зборува исто така за одлучноста, сериозно да се

посветиме за усогласување на нашето законодавство со законодавството на Европската комисија.

Во делот на политичките критериуми законодавниот дом ќе си ја заврши својата работа достоинствено, онака како што умееше со години наназад тоа да го прави, обврските што ги имаме превземено со самата национална програма, ќе ги спроведеме бидејќи Законот за Собрание е донесен и ќе продолжи неговата редовна имплементација. Предизвик пред нас е наскоро веќе конечно започнување со работа на парламентарниот институт, кој што неколку години по ред го зборуваме, меѓутоа интезивно се работи на него и веќе во тек се активности за екипирање на тимот кој што ќе работи во Парламентарниот институт со подршка на нашите меѓународни донатори, во исто време е веќе прикрај формирање на еден заеднички текст за етички кодекс во Собранието на Република Македонија и најважното од се взаемниот дијалог, почитувањето и разбирањето помеѓу сите политички партии во Собранието на Република Македонија.

Исто еден од важните приоритети на Собранието на Република Македонија и на Владата на Република Македонија е чување и градење на добрите меѓуетнички односи, на соживотот во Република Македонија, почитување на верските различности во Република Македонија и тоа исто така ќе биде предизвик на земајта во периодот што е пред нас и тоа исто така јасно потенцирано во Националната програма и во Ревизијата за 2012 година.

Јас сум убедена дека Собранието на Република Македонија ќе го има вистинското место во имплементацијата во оваа програма не само во делот на носењето на законите кои што се предвидени, туку и во давање приоритет на тие закони како што и секогаш било, како што тоа го прави Владата на Република Македонија, работните тела на Собранието на Република Македонија ќе ја разгледуваат Националната програма за усвојување на правото на Европска унија, во одделите, поглавјата во кои што тие се надлежни, исто така ќе се организираат, ќе го следат и акцискиот план, меѓутоа ќе продолжиме со организирање на јавни расправи, не само на Националниот совет и Комисијата за европски прашања, туку и секоја Комисија во нејзиниот дел кога ќе оцени дека одреден закон кој што е битен за работењето на Комисијата и за граѓаните и за сферата кои што ја покриваат. Исто така ќе се организираат и јавни расправи, меѓутоа Македонија и Собранието на Република Македонија веќе стана препознатливо и по организирањето на

надзорни расправи и на вршење на најважното нешто, тоа е контролната улога на законодавниот дом над извршната власт.

Затоа, сметам  дека оваа програма што ја имаме пред нас е навистина сеопфатна, јас мислам дека десетте нови стратегии кои што се дадени внатре, акционите планови кои што се дадени внатре, не треба да не плашат, туку уште повеќе треба да не охрабруваат дека цврсто сме решени и Владата на Република Македонија е решена да работи на имплементација сериозна на оваа програма, сериозно да се следи секој чекор во спроведување на акцискиот план и да се надеваме дека заедно со Собранието на Република Македонија како контролор овие комисии и другите комиисии кои што ќе го следат оваа Национална програма и Акцискиот план, ќе допринесеме на крајот на годината Република Македонија да биде горда со тоа што го постигна и да се надеваме дека пречките кои што се поголеми, а кои што во моментот не зависат од тоа колку закони Република Македонија ќе усвои  или колку акциски планови ќе усвои, ќе имаат некоја разрешница во годината пред нас за да може Република Македонија конечно да биде деблокирана и да ги отпочне сериозно преговорите, меѓутоа за поздравување е и тоа што се отпочна со еден нов вид на дијалог помеѓу Република Македонија и Европска унија и се надевам дека со тој дијалог на високо ниво за поглавјата 23 и 24 од Договорот за стабилизација и асоцијација, имаме еден вид би кажала мала компензација за тоа што Република Македонија не може да добие датум за преговори и да почне тој процес на усогласување, односно отварање и затворање на поглавјата, но сето тоа ќе помогне Република Македонија да биде поспремна и со многу поголем елан да продолжи во периодот што е пред нас. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам госпоѓо Бонева.

Следен за збор се јави Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:**

Благодарам  почитувани копретседавачи, почитувана вицепремиерке, почитувани гости.

Она што секогаш го кажувам во оваа сала е дека ова е најлошата сала каде што може да се одржува ваква расправа, бидејќи навистина непријатно со

грб да бидете завртени кон претседавачите на ова тело и преставниците на Владата кои  што доаѓаат, но што е тука е.

Една мала дигресија на почетокот навистина тоа често го повторувам, изгледа забораваме дека сме ние Парламент и дека доаѓањето на вицепремиер овде во Собрание не е нејзина добра волја, па поздрави и честитки уште, песна една не и порачавме, значи тоа е обврска, да и тоа е обврска и тоа е сосема нормална работа. Поприродна работа од тоа да се биде овде, не во Владата, нема, и тоа мислам дека поранешната колешка, а сега почитуваната вицепремиерка го прави редовно и мислам дека немаше потреба од сето. Ама тоа зборува за нешто друго дека сме ги смениле овде перцепциите и навиките во Собранието и ретко ги гледаме министрите. Јас веднаш ќе кажам нешто што го пишува овде, а што не е точно.

Почитувана вицепермиерке, од кога е формирана оваа Влада, ниту еднаш преставник на Владата не дошол во понеделничките координации, ама ниту еднаш и вие викате во реченицата ќе продолжи да доаѓа, не може да продолжи нешто што не постоело до сега. Значи непочитување имаме крајно непочитување од страна на Владата кон Собранието и затоа кај нас се создала некоја слика дека вие сте редовен, дека е тоа нешто за поздравување со некоја нумера. Јас дали некако инжинерски влегов во читање на оваа национална програма и ревизијата ќе продоолжам таму каде што претседателката на Националниот совет, колешката Шекеринска застана, јас пронајдов уште една системска грешка, а тоа е дека почетните параметри се погрешни. Значи ревизијата на Националната програма зборува за иднината и во кој правец Македонија ќе оди, тука завршија, ама е лошо бидејќи почетните услови се погрешни и затоа сеуште пишува во Програмата на пример дека ќе има економски раст од 4,5% од кои сите се откажаа во државата. Значи, не постои човек кој што уште мисли тоа.

Второ, зборувате за бројки кои што ги нема во Буџетот. Значи инвестициите што ги зборувате во железничка инфраструктура дека се од Буџетот нема таква ставка, нема таква бројка, еве го буџетот тука само да го споменам, да не го експлоатирам понатаму. Тоа што има премногу страници не ми е мене проблем да ги прочитам, обично лошите студенти пишуваат премногу страници, па за да претпоставуваат дека оној што ќе ги проверува нема да посвети доволно внимание. Човекот што ја измисли диодата, има добиено Нобелова награда за тоа има 7 реченици напишано и добил Нобелова

награда. Нас ни треба овде во Собранието Акциски план, за тоа зборував првиот пат кога бевте вие тука госпоѓо Теута Арифи. Ни треба Акциски план со многу конкретни бројки, активности, мерки и она што го кажа колешката Шекеринска, пари. Поконкретно за да можеме да се посветиме на тоа. Инаку, ако го видите текстот, јас се потрудив и го видов има измешани поглавја, има реченици што се однесуваат на едно поглавје, а го има во друго и има повторувања од реченици кои што не знам зошто ги има се повторуваат. И тоа ќе го дадам со конкретни примери.

Прво, во делот на Антикорупциската комисија, не знам зошто, можеби има некое објаснување стои Законот за кој што зборував минатиот пат, а еден од клучните закони мислам, а тоа  е Законот за измените на Законот за следење на комуникациите,  кој што ги поништи Уставниот суд за кој што вие тогаш рековте дека ќе напишете заедничко писмо со министерката Гордана Јанкулоска за кое што сеуште тврдам дека тоа пишување писмо не вроди со плод. И во меките и политиките на Антикорупциската комисија стои тоа. Мислам дека местото не е таму.

Второ, за гасоводот да го прочитате делот мислам дека е добра подлога да гледаме во овие од К-15 емисиите. Значи, прочитајте не сакам да го замарам, да го монополизирам времето овде, прочитајте го тој дел ќе видите какви се реченици има. Ќе прочитам само една во делот на енергетиката: „во 2012 година ќе се разгледуваат плановите и анализите за можна изградба за овој далековод, ама го имаше во спотот во 2011 дека е направен, ќе се разгледуваат плановите и анализите за можна изградба. Во 2012 се очекува да започнат активностите за изработка на физибилити студија, а инаку пишува во претходната реченица дека во 2010 е готова физибилити студија. И тука нема да влеза повеќе во овие бројки кои што за жал или реченици кои не се реалност. Затоа системската грешка по мене почетните услови се погрешни затоа што ова се гледа од диоптрија на кампањите на Владата, а не од реалниот живот во Македонија. Имено, вие велите вака, или она што, да го парафразирам мојот почитуван пеач-слаткар, кој што вика, мојот свет не е розов онака како што изгледа. Значи вие велите ќе направиме стратегија, план за јавна и државна администација. А минатата недела носиме закон со кој што без јавен конкурс како никаде во Европа примаме луѓе на работа во државна и јавна администрација. И сега вие ќе не убедувате дека тоа е, ќе донесеме уште десет стратегии, а реалноста не е таква во која што работиме.

Второ, носиме дека ќе продолжиме со надзорните расправи, а ние ниту една што сме имале не сме ја завршиле. Значи надзорната работа не ја виде светлината на собраниската пленарна седница, па за да продолжиме со нешто што не е завршено.

Трето, за децентарлизацијата ќе донесете 20 документи, ама за жал, јас не знам зошто мојот соученик, господинот Ставрески го крши законот и во 2012 година за декември не ги подели законската обрска за блок дотации до сите општини. Значи, не направил тој дискриминација, на сите тој им го направил. И сега вие ќе донесете документи, стратегии, ама реалниот живот значи проблеми за граѓаните и за спроведување на политиката на сите градоначалници потенцирам во Република Македонија. Или пак она што се случува во животната средина, имам еден синдром овде околу европските знамиња. Значи ние сме согласни од СДСМ сите 78 закони да донесат брз приоритет и ќе ве подржиме веднаш. ВМРО-ДПМНЕ може да донесе и 123 закони во еден ден, не е проблем тоа. Значи ние сите 78 ќе ги подржиме, ама кога ќе донесеме Закон за животна средина на пример, со европско знаменце, да не го менуваме во октомври, во ноември, во декември и сега во јануари истиот закон, ама без европско знаменце. Во октомври да ги поставиме критериумите согласно европските директиви, ама секој месец, како која бизнис компанија ќе се пожали да ги менуваме роковите, да ги намалуваме стандардите, да ги намалуваме критериумите или она што е пострашно да го изгубиме негде во тој пат европското знаме на законот. Животната средина е минимизира во Република Македонија поради политиката, мене ми е јасно кога меѓуетничките односи за жал повторно се на тенката линија да зборувате сега вие за здрава животна средина. Ама без таа здрава животна средина не может да го премините прагот кон Европската унија. И ако ние го губиме тоа знаменце, ништо не сме направиле. Денеска овој документ не може да го прескокне фактот дека 52% од граѓаните мислат дека Македонија иде во погрешна насока. И тоа има и мора да биде дел од промената на политиките во оваа Национална стратегија визави укажувањата на Европската комисија и ќе споменам само уште едно и тука ќе завршам, а тоа е делот на слободата на медиумите. 55% во последната анкета која беше објавена во еден дневен весник сметаат дека се загрозени и дека граѓаните немаат еднаков третман по 30% сметаат дека најголем проблем е кршењето на слободата на изразување и слободата на медиумите. И кој е одговорот наш, еве ова мислење го имаме

денес јас предлагам во анексот два да се додаде Законот за радиодифузна дејност. Невозможно е Владата  да преговара, без разлика е што знам дека дел од членовите на ЗНМ го изразуваат тој свој револт, јас сеуште не ги разбирам како можете да преговарате со еден од креаторите на диктатурата на Македонија министерката за внатрешни работи, тоа е нивна одлука и јас тоа ќе го почитувам како нивна одлука, но не го разбирам, да не биде дел со Законот за радиодифузија веднаш и сега дел од јавната расправа овде во Собранието. Само така ќе го вклучиме Собранието во овие активности и ќе одговориме на предизвикот на слободата на изразување. Па денеска имаме во собраниска процедура Закон кој што го третира странскиот печат и известување во кој што сега МНР ќе ги оценува странските дописништва дали се подобни или неподобни. Значи, во оваа наша држава можете да отворите фирма која што ќе ископува бушотини за нафта, тоа никој нема да ви го оствари некоја фарам да прави, ќе лови, значи им дадовме концесија за ловишта, ама ако се медиумите, не,  тоа државата сака да провери кои се тие луѓе. Значи било кој може да тера бизнис во Македонија, ама тој што е од медиумите не. Тој мора да добие печат од Владата на Република Македонија и затоа мислам дека ова мора во ова мислење да се вметне и Законот за радиодифузна дејност, делот на медиумите, како една од активностите што го имаа предвидено во тој долг акциски план и уште една работа како што читам овде во Собранието  се повикува само ако во понеделничките средби на кои што не доаѓаат претставници од Владата, реков тоа, да се обезбеди консензус околу прашањето за имплементација на Рамковниот договор и функционирање на Бадентеровиот принцип. Мислам дека треба да се обезеди консенсуз околу се бидејќи ако сакаме да одиме во Европа, ќе ја видиме европската пракса која што вели, нема премиер, кога ќе заврши Европскиот совет два пати годишно да не се врати назад во Парламент и за тоа да има дебата во тој Парламент. Ако сакаме да бидеме европски тогаш ќе правиме консензус околу сите закони, а не околу тие што ние мислиме дека се почувствителни. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Следен за збор Гордан Георгиев, повелете.

**Гордан Георгиев:**

Почитувани претседавачи, почитувана вицепремиер за евроинтеграции, драги колеги, ваши екселенции.

Зборуваме за еден многу голем, обемен документ, мојата колешка Шекеринска рече серизен документ, јас би сакал малку да корегирам, овој документ има повеќе сериозен број на страници отколку што може да претендира да се нарече сериозен од причините што ги објаснија колегите од СДСМ претходно, бидејќи има многу недоречености има многу паушални одредници во документот. Јас ќе се насочам кон делот на политичките критериуми кои што мислам дека е не најзначаен, но најклучна одредница заради клучен корпус на прашања кои што и со последните изјави апропо Извештајот на Европската комисија од страна на комесарот Штефан Фуле ни беше кажано дека и да кажам предупредено дека дури да не се реши спорот со Грција, Македонија може да не влезе во Европската унија, да не ги отпочне преговорите само заради неисполнување или уназадување пред се во полето на демократијата, медиумите и меѓуетнички односи, сето она што спаѓа во корпусот наречен политички критериуми.

Јас ќе се задржам на две прашања, првото е темата околу изборите и второто е демократијата и меѓуетничките односи.

Мислам дека темата за изборите, избори ни доаѓаат за точно година дена од сега, мислам дека е многу важно да дискутираме сега на еден квалитетен начин во детали, бидејќи може да ни се вратат темите од предизборието на овие предвремени парламентарни избори, може да се вратат, се плашам повторно нерегуларности и во контекст на сето тоа имајќи ги предвид ситуацијата што се случува од апсењето на Љубе Бошковски до последните изјави, би рекол упад во партијата на Љубчо Горгиевски, тоа укажува дека тоа сега постсвестум почитувани колеги, седум месеци после изборите веќе изникнуваат темелите на она што се нарекуваше избор на нерегуларност на предвремените избори на 5 јуни 2011 година.

Препораките од ОБСЕ и ОДИХР се многу чисти, многу конкретни и мислам дека тука не треба да делуваме теснопартиски, треба да играме широко, треба да играме за Македонија и треба овие прашања особено овие приоритетни препораки што ги назначува извештајот на ОБСЕ и ОДИХР сериозно си ги сфатиме. Што вели во тие препораки, во првата приоритетна препорака е дека она што го кажа и колешката Шекеринска на едно поглобално

ниво е дека треба да се обезбеди доволна одделеност помеѓу државата и партијата. Во превод почитувани колеги, државата и партијата, значи дражавата и ВМРО-ДПМНЕ бидејќи сите насоки или сите информации говорено од тоа дека би имале една би рекол спрега, сплотеност помеѓу државата и партијата ВМРО-ДПМНЕ во Република Македонија.

Потоа вели во таа прва приоритетна препорака дека внатрешниот конфликт на интереси помеѓу егзекутивата, помеѓу Владата или претставници на Владата и позициите и кандидатите за време на изборите. Тука мене ми доаѓа на првата идеа е министерката за внатрешни работи Гордана Јанкуловска не знам како да се објасни фактот дека во една нормална демократска држава која што претендира да биде демократска е просто некултурно, непристојно министер за внатрешни работи да биде на основна листа. Тоа не пишува никаде, не го пишува во закон, но некакво непишано право во демократијата мислам дека апсолутно апелира до тоа.

Се разбира, треба да се разговараат веднаш и сега сите дупки и нејаснотии во Изборниот законик, повторно третата препорака е дека треба да се напави темелна ревизија на избирачкиот список која одамна се чека. Цитирам, потоа вели, дека ова треба да се направи после пописот кој што треба да биде во октомври 2011. Ако се сеќавате колеги, целата јавност знае дека попис не се одржи, премиерот Груевски рече дека имало обид за фалсификат и ние повторно влегуваме во една темна зона кога ќе треба да се прочистува списокот кој што дефинитвно по сите индикатори не е прочистен, без разлика што кажува овој голем документ или што кажуваат претставнците на власта, ние нема да можеме да направиме сериозен избирачки список токму бидејќи пописот ниту се одража, ниту ќе се одржи во догледно време како што го гледам расположението на владеачката коалиција.

Заплашувањето на гласачите, е една масовна појава за време на изборите која што деновиве ја ротираат и преставнците на десничарката опозиција од Обединети за Македонија и ВМРО Народна и што беше страшно на теренот за време на изборите и конечно петтата приоритетна препорака е да го реши конфликтот на интереси што се однесува до приватните медиуми чии што газди се ангажирани во политиката. Со последната фузија на господинот Борис Стојменов во ВМРО-ДПМНЕ со коалицијата на Љубисав Иванов Ѕиго со ВМРО-ДПМНЕ и имаме класичен конфликт на интереси до Сител телевизија и Канал 5 телевизија.

Почитувани колеги, јас многу го поздравувам воспоставувањето и се надевам успешното делување на овој управувачки комитет кој што ќе биде составен и од претставници амбасадори, од друга страна жалам што Република Македонија која што претендира да стане членка на Европската унија да отпочне преговори во 2012 година во очи престојните избори за една година ни треба некаков управувачки комитет или во превод колегите од ВМРО-ДПМНЕ бидејќи милуваат барок и неокласицизам тоа се вели во барокот гувернанта на македонски дадилка.

Втората работа која што мене ме погоди е многу беглото споменување на еден симптом на македонското општество или еден проблем кој што власта сакаше на секој начин да го забошоти, а тоа е убиството особено процесирањето подоцна на случајот Мартин Нешковски. Во документот има ставено само една реченица во која што вели дека отпочна процесот по повод убиството на Мартин Нешковски.

Почитувани колеги, јас мислам дека ние многу се обидуваме на секој начин или вие колеги од власта да го забушотите тој случај, но тој случај е школски пример за нефункционирање на правна држава и за обид на институциите да забошотат една многу сериозна тема која што се случи ден по изборите. На последната анкета што ја гледавме има еден фрапантен податок дека 48% од Македонците наспроти 33 сметаат дека во случајот со убиството на Мартин Нешковски правдата не е задоволена. Ние можеме колку сакаме да влегуваме во институционални лавиринти и да се однесуваме дека таа правда е задоволена, но македонскиот народ, граѓаните во Република Македонија во огромен број сметаат дека тоа се правеше со многу политичка мотивираност, со многу задскривање, со многу фрлање прашина во јавноста и во граѓаните.

Последна тема, накратко ќе се осврнам е околу меѓуетничките односи, ги читав деловите, тие се расфрлани на многу места во документот и се прилично бегли бидејќи само нотираат одредници или обврски од Рамковниот договор, дека сме славеле 10 години Рамковен договор, во ред го поздравуваме тоа, дека правичната застапеност и понатаму се подобрува, притоа имајќи ги во предвид информациите на кој начин се врши тоа и како се вработуваат луѓе по тој принцип, правична застапеност, Закон за јазици и знамиња е донесен, Хашките случаи, значи на хартија, почитувани, ќе видиме имаме идеални етнички односи, на терен ни се случија неколку инциденти минатата година, ни се случи Калето, ни се случи пописот и ни се случија последните инциденти во

Струшко кој што не може ниедна хартија да ги покрие и кои што ниедна убаво напишана реченица не може да ја тргнат црната дамка. Затоа јас мислам дека ние мораме посериозно да се посветиме на оваа тема, многу добро знаете меѓу нас кажано дека меѓуетничките односи се еден од главните непишани или не толку доволно потенцирани бенч-маркови во Република Македонија. Република Македонија е кревко меѓуетничко општество не може да си дозволиме со дневни манипулации, со дневни спинови, со дневно префрлање на топката да ги решаваме или да ги ставаме под тепих меѓуетничките односи. Фрапантен е податокот почитувани колеги, од последните анкети, а најпоследната е пред две недели дека 85% од Албанците во Република Македонија немаат доверба во премиерот Никола Груевски преведено мислам дека не ги штити интересите на Албанците во Република Македонија. Тоа е фрапантен податок кој што ниедна од овие закони или дилови помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ не може да го покрие. Недоволното ефикасно отсечно, одлучно реагирање на овие последните инциденти во Струга, струшко, палењето на црквите, графитите на џамиите итн, недоволен ефикасен одговор од страна на надлежните институции, немањето одговор кој е предизвикувач на тие инциденти става уште една дамка во нашите меѓуетнички односи. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Следна за збор е Тања Хавнер Адеми од Граѓанска платформа на Македонија.

**Тања Хавнер Адеми:**

Благодарам госпоѓа претседателке, вицепремиерката, останатите колеги од НСЕИ, КЕП и дипломатскиот кор, јас веќе како што најавив на минатата седница во својот мандат отпочнав со консултации, значи ги информирав заинтересираните граѓански организации и за тоа благодарам на Службата и на Секторот за европски прашања задоволна од напред, споделување на документот, Националната програма, консултации се одржаа и на 26 јануари и на таа учествуваа 20 преставници и проследователно јас како претставник на граѓански организации добив уште неколку забелешки и коментари и тие сега би сакала да ги презентирам.

Значи, еден збирен придонес на граѓански организации во оваа расправа, но исто така тоа ми беше едно од прашањата, сакам да се заблагодарам на иницијативата дека наредната недела ќе се одржи консултации со граѓански огранизации, но се надевам дека таа ќе биде упатена на што поширок број на организации со цел тие да можат да се уклучат и да го запознаат процесот и да си го препознаат интересот и да ја понудат експертизата, информации што им се на располагање и да не биде како минатогодишно искуство кога само 10 организации беа повикани, односно поканети да дадат свој придонес во програмата.

Од забелешките на кратко, да не повторувам што беше кажано едно од клучните работи што ние ги забележуваме во сектори од наш примарен интерес и тоа е развој на граѓанско општество, подршката на секторот и човекови и малцински права. Во документот кој исто така би го карактеризирале како технички, значи недостаток на некој си стратешки поглед, напред не само краткорочно, него среднорочно долгорочен, забележиме две клучни поместувања токму во сферата од наш интерес и тоа развој на граѓанско општество кој се третира обично во реформа на јавна администрација, кој е дел од политички критериум во МПА е третирано во посебна глава, а тоа е административни капацитети.

Понатака, главата односно темата човекови права и малцинските права кој што е третиран од страна на Европскта комисија во дел од политички критериуми во МПА е третирано во другата глава, односно третирано во делот од судството и фундаменталните права. За нас е тоа некој индикатор дали тие остануваат дел од политички критериуми, како што ги цитира Европската комисија и на поврзување на барањата од страна на Европската комисија како што се предложени во извештајот за напредок во 2011 и во другите, или тоа е само од причина само што овој документ е повеќе технички отколку стратешки ориентиран.

Другата забелешка генерална од страна на колегите од Секторот беше конвергенцата односно направена е една мала анализа баш за Секторот човекови права и малцински права во односот како МПА е уместена стратешки во просторот и во другите плански документи од една страна на извештајот на Европската комисија, а од друга страна и на владина програма за работа за оваа година. И сега, еве да го демонстрирам недостатокот на конвергентноста што ја забележаа моите колеги. За дел од човекови права и малцинските права

од вкупно 30 активности што се планирани во програмата 15 обезбедуваат континуитет на веќе отпочнати активности. Пет се повеќе декларативни, додека 4 опишуваат тековна состојба, а 6 се всушност од содржински карактер. Поврзаноста со извештајот на Европската комисија на напредокот, значи, мерките од МПА во релација со извештајот анализата укажува дека само 20 од тие 30-те директно коренсподираат со препораката 6 од нив делумно, 4 не се поврзани. Значи 4 од пораките од МПА поврзани со оваа тема не се поврзани со извештајот. Во конвергентност односно споредба со програмата и мерките од МПА со програмата за работа на Владата за 2011-2015 година, 13 од мерките од Програмата се директно или делумно поврзани со приоритетите на Програмата, од 30 активности само една активност е директно поврзана со делегислативниот акенс, а 26 се поврзани со матрицата на реализација на МПА.

Значи ова е еден конкретен пример за едно подрачје кое е од исклучителна важност за нашиот сектор, како програмата може подобро или укажува на потребата МПА да биде подобро наместена со другите стратешки документи од едната страна на план на Владата и државните институции, а од друга страна барањата што нас ни се поставени од страна на Европската комисија.

Во таа полза сметам дека во тој дел не треба да се искорисити само капацитетот на државните институции, тука е и Владата, министерствата, Собранието, итн, туку како мала земја треба да се повикаме, мобилизираме сите капацитети и сите засегнати страни и да ги вклучиме во процесот. Не само граѓаните, туку сите организации со нивните идеи, со нивните заложби, со нивните информации, со нивните знаења, со нивните проекти да придонесат кон овој процес и да го дадат својот придонес. Со таа цел сакам да предложам и поврзаност со веќе втората точка на дневниот ред на денешната седница, да се додаде јавна расправа на Стратегијата за соработка со граѓански огранизации која во моментот е во процедура, односно е во јавна расправа односно е во подготовка на Влада и се очекува нејзино усвојување на крај на овој месец. Таа стратегија за нашиот сектор е од исклучителна важност, зафаќа многу долг период односно тоа е 6 годишна стратегија значи 2011-2017, ние сметаме дека оваа стратегија е од исклучителна важност и треба да се поведе јавна расправа во контекст на оваа институција бидејќи тука Владата во суштина го трасира државна институција, го трасираат патот и можностите

како подобро да ги мобилизира, да ги вклучи граѓанските организации и другите капацитети.

Морам да забележам дека за сега сите забелешки, препораки, сугестии од страна на граѓански сектор и нивното вклучување во подготовка на самата стратегија е позитивна, значи граѓанскиот сектор генерално дава позитивна оценка за оваа стратегија, но секако посакува оваа стратегија да има многу повеќе мерки од задолжителен карактер, а не толку мерки и тип на анализа, итн, бидејќи сметаме дека навистина овој документ може да придонесе кон мобилизација и искористување на капацитетите, идеите и информации и целокупниот потенцијал што може нашиот сектор да го даде на располагање во оваа тема. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарм.

Не сакам да реплицирам, туку ја земав предвид вашата забелешка и последниот предог, мислам дека нејзе не треба да ја сместиме во анексот 2 од мислењето, бидејќи мислењето се однесува само на законите, меѓутоа, еве, превземам обврска и како претседател на Националниот совет во соработка со вас кои што сте претставници на граѓанското општество, заедно со потпретседателот па и другите и се надевам тука и на асистенција и од Владата да ја организираме таа расправа веднаш штом ќе добиеме работен документ за кој што може да се дебатира.

Последен пријавен за збор е господин Антонио Милошоски, повелете.

**Антонио Милошоски:**

Госпоѓо Шекеринска, почитувана заменик претседател на Владата на Република Македонија Теута Арифи, почитувани колеги Мисини и Бонева, почитувани претставници на дипломатскиот кор, драги колеги,

Би сакал на кратко да дадам свое видување на Националната програма која што ја оценувам како сериозен документ во кој што е задржан континуитетот кој што на Македонија до сега и носи позитивни извештаи. Принципот на структурата на пишување и создавање на оваа Национална програма сметам дека не се измислени ниту од сегашниот потпретседател на Владата на Република Македонија, ниту од претходните, туку се воспоставени како една методологија која што до сега се почитувала и сметам дека истата е

усогласена со Европската комисија. Затоа не треба на овој документ да се гледа со очи и очекување кои што ќе ни донесат некаква драматична промена, големи новитети или револуционерни новисти. Ова е еден административен политички документ кој што ја оцртува стратегијата и трасата на движењето на реформите во македонското општество во секој сегмент од нашето живеење.

И не е случајно што Европската комисија ја повторува препораката за доделување на датум за преговори за членство на Република Македонија во Европската унија три години по ред. Затоа моето мислење е дека она што претседателката на Националниот совет Шекеринска го отслика како негативно, фразата ќе продолжиме и моето уверување дека фразата ќе продолжиме е позитивна, ја одсликува разликата во толкувањето на пристапот кон европските интеграции. Јас сметам дека не е негативно што се употребува фразата ќе продолжиме 350 или 630 пати. Ако треба истата ќе се употреби и илјада пати затоа што продолжувањето на реформите е начинот на кој што Република Македонија го следеше 2009 година доби позитивен извештај, 2010 доби позитивен извештај, 2011 година доби позитивен извештај. И ако продолжиме по патот на реформите сметам дека и 2012 година Република Македонија ќе добие позитивна препорака и извештај од Европската комисија. И тоа што носи успешни и позитивни извештаи кои што во себе содржат и критики и препораки, сметам дека треба да се следи и затоа е добро што ќе продолжиме и ќе продолжите како Влада на Република Македонија да инвестирате во реформите  кои што даваат добри резултати и се во насока на европеизирање на македонското општество.

Би сакал исто така да укажам на некои работи кои што очигледно повеќе се политички оценки отколку што имаат врска со европските интеграции како што беше забелешката на почитуваниот колега Ѓорѓиев зошто министерката за внатрешни работи била кандидат за пратеник, носител на листа и министер за внатрешни работи во Република Македонија. И дека е тоа некаква одлика за авторитарност и некоја одлика што го намалува демократскиот капацитет на политиката на Владата и на општеството.

Само да потсетам Република Словенија министерка за внатрешни работи до вчера беше госпоѓата Катерина Кресел, претседател на политичка партија, пратеник во словенското Собрание и минстер за внатрешни работи и тоа воопшто не е никаква драма, ниту новина, ниту недостаток за една или друга демократска средина. И затоа сметам дека желбата да се политизира

Националната програма за членство, за усогласување на законодавството и слично, го намалува квалитетот на дебатата на самите споменати поглавја на кои што се однесува и програмата.

По однос на Националната стратегија и програмата за усвојување на законодавството затоа сметам заради овие работи што ги напомнав дека каква и програма да ни претставивте денес почитувана госпоѓо Арифи, истата ќе беше оценета како недоволна, слаба, лоша, фалична, од страна на одредени претставници навопозицијата. За жал тоа ја одразува политичката диоптрија на гледањето на ова приоритетно прашање на Република Македонија кое што треба да биде обединувачки фактор во нашето општество наместо да се користи за дневно политичко надмудрување. Затоа мојот предлог е бидејќи проблемот на македонските евроинтеграции или проблемот на блокираноста на македонските евроинтеграции, не е во македонското Собрание. Ниту во опозицијата, ниту во владеачкото мнозинство. Проблемот не е ниту во капацитетот на Владата на Република Македонија и реформите и смерниците по кои што се движиме. Проблемот е надвор од ова Собрание, е надвор од оваа држава. Но сметам дека ова Собрание и пратеничките групи и на СДСМ и на ВМРО-ДПМНЕ, и на ДУИ и на ДПА и на сите други партии имаме добра прилика, сега за време на данското претседателство, сите здружно и заедно да лобираме за Република Македонија да го добие она што и следува отпочнување на преговорите за членство кој што процес значително и многу силно ќе влиае на загрозувањето на темпото на реформите на кои што сите работиме. И сметам дека треба да имаме во предвид после претседавањето на Данска доаѓа претседавањето на Република Кипар која што по однос на надворешно-политичките прашања од приоритет за Грција се поставува како одреден сателит и нашите очекувања од второто полугодие на оваа година ќе бидат драматично намалени. Нашите шанси да стигнеме на дневниот ред на Европската унија на земјата претседавач ќе бидат драматично намалени. Затоа сметам дека сега е приликата, наместо дневно политички кавги и надмудрувања СДСМ да лобира кај партиите во Германија, Британија, Франција, Шпанија, Данска, Австрија, Словенија и сите други земји членки на Европската унија кои што можат да дадат придонес во зголемувањето на видливоста на случајот на Македонија по однос на европските интеграции. ВМРО-ДПМНЕ, ДУИ и другите партии кои што имаат меѓународни односи, контакти, партнери да го направат тоа во рамките на своите конзервативни,

либерални и други групи и така да го дадеме својот придонес за да немаме грижа на совест дека не сме сториле доволно како пратеници, како политичари, како членови на ова Собрание, како граѓани на Република Македонија да дадеме дополнителен импулс и да вложиме напори Македонија да го добие заслужениот почеток на преговорите.

По однос на дикусиите за самата програма и содржина на истата, јас би кажал, би се согласил тука со колешката Шекеринска дека треба да се разгледа можноста следните програми наместо едногодишни во најмала рака да можат да бидат барем двегодишно планирање на националните програми за прилагодување на македонското со европското законодавство затоа што ќе се даде еден би рекол дополнителен период за условно кажано среднорочно планирање и следење на активностите кои што се од приоритетна важност за државата и каде што нема спор, политички идеолошки помеѓу главните релевантни политички субјекти во Република Македонија за усвојувањето на тоа законодавство и ќе може да има поголема прегледност и од страна на самата Влада во соработката со Европската комисија. Доколу се отпочнат преговорите за членство на Република Македонија со Европската унија сметам дека едно такво двегодишно планирање на националните програми може да биде корисно и за самата Влада и за самата Европска комисија која што ќе може да даваат среднорочни оценки за квалитетното приближување на мекедонското законодавство и неговата примена во согласност со европското. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам гесодине Милошоски.

Само една мала реплика бидејќи го коментиравте она што го кажав, ајде да не спиеме на увото дека статус кво е добар за Македонија или барем тоа да им го соопштиме на граѓаните дека не им нудиме ништо повеќе од тоа што до сега сме го работеле. Да, ќе продолжиме да добиваме препорака ама постои опасност дека ќе продолжиме да добиваме секоја година се полоши и полоши коментари. И за жал дозволете и мене како граѓанин на оваа држава ваквата теза да ја прочитам и на следниот начин, ќе продложиме со притисок врз медиумите, ќе продолжиме со слабото судство, ќе продолжиме со непрофесионалната и партизирана администрација, ќе продолжиме со нетранспарентност и корупција, затоа статус квото терањето на исти политики

по мене неамбициозна цел која Македонија треба да си ги постави. И заради тоа сметав и сеуште сметам дека во оваа Национална програма фокусот треба да ни биде како да ги решиме најтешките прашања, а не како да ги затрупаме со илјада и една реченица која во суштина нема да го поправи животот на граѓаните, дури и настрана ако ја тргнеме Европската унија.

Бидејќи никој не бара друг за збор, дали можеме да ја затвориме дискусијата по оваа точка, благодарам.

Во тој случај ќе и дадам збор на госпоата Арифи, а потоа ќе одиме на гласање на мислењето и ќе ги замолам и пратениците и преставниците за уште малку трпение за да имаме кворум.

**Теута Арифи:**

Благодарам, сосема на кратко.

Мислам дека последниот Совет за стабилизација и асоцијација што го имавме во Брисел комесарот Филе зборувајќи секако за процесот на реформи меѓудругото кажа дека националната платформа фактички е една многу битна и многу сериозна платформа за продолжување на процесите и добивањето на нов импут на процесите. Јас мислам дека тој момент е значаен.

Би сакала само да укажам на некои моменти, јас ценам дека документот не би се согласила дека има поголема извештајност, а помалку планирање. Ако ја гледате матрицата на активности тоа се планирани активности за 2012 година.

Доколку го гледате наративниот дел фактички тука имате и нарација и извештајност. Значи, логиката оваа година ако може да се каже како новитет е дека јас инсистирав да имам и наративен дел и дел на матрица затоа што само една матрица ми делуваше многу сувопарна како ориентација или како стратегија што треба да ја имаме. Затоа што за да можете да градите концепт за тоа што ќе правите во иднина морате да се осврнете на нивото каде сте и што евентуално треба да промените.

Во однос на Буџетот и во однос на буџетирањето што е вистина дека Буџетот не стои како ставка колку од Буџетот ќе се реализира. Јас би сакала тука да подвлечам дека со фактот дека овој документ прифатен на Влада. Со фактот дека овој документ што се дебатира тука во Собрание и со фактот дека со овој документ ќе одиме пред нашите партнери во Брисел не си дозволувме

да сме толку несериозни да пишуваме работи  кои нема да ги реализираме или за кои немаме предвидено како ќе ги реализираме и тоа е комбинација на наш буџет заедно со средства преку ИПА фондовите кои мислам дека исто така се вметнати во рамките на наративниот дел, во рамките на програмите што ги имаме и ги градиме со соработката со Европската унија.

Во однос на формирањето на управувачкиот комитет, значи не е најава за формирање, туку е формиран управувачкиот комитет сосема се согласувам дека има повеќе забелешки во последниот извештај на ОБСЕ и на ОДИХР, но најголеми забелешки кои беа подвлечени од страна на ОБСЕ и ОДИХР, тие беа две е прашањето на гласачките списоци како прво и како втор момент е легислативата или дел од законите кои се однесуваат на изборите.

Исто така и другите забелешки, не се забелешки кои нема да се третираат, туку со отворени за третирање во рамките на управувачкиот комитет, но овие две беа како клучни подвлечени и за кои цениме дека треба промптно и брзо да се реагира.

Во однос на медиумите и процесот кој се води со медиумите најмалку би се согласила дека тој процес е процес на една фасада и на една глума. Тој е еден не лесен процес, туку еден чувствителен процес, кој многу мина би имале можеби дилеми и да го започнат, но со фактот не само што е започнат, туку квалитативно се разговара за многу прашања за кои не се разговарало порано и со ориентацијата да добиеме резултат на крајот, јас мислам дека зборуваме сериозно и сериозно сме сфатени од нашите партнери во Брисел и поддржани, тој процес да го продолжиме и успешно да го завршиме за еден период. Нормално дека процесот на дијалог и на градење на демократија не завршува ниту со оваа Национална програма, туку еден континуиран процес на кој треба сите заедно да биеме активни.

Затоа уште еднаш сакам да подвлечам и да Ви се заблагодарам за сите сугестии кои ги очекував дека ќе бидат повеќе и за кои очекував дека ќе бидат поконкретни, но во принцип спремноста тие да бидат сериозно земени предвид дефинитивно постои и затоа сум тука, и овој тип на документи во принцип се обемни документи, затоа и претензијата кога правите вакви документи, не е претензија да добиете нобелова награда, туку е претензија да направите една стратегија која ќе ги вклучи прашањата кои се битни за една земја, во текот на 2012 година. Значи, токму поради фактот дека амбицијата не била толку голема, текстот го следи тој принцип.

Јас уште еднаш сакам тука да кажам дека идната недела дебатата со граѓанскиот сектор би очекуввала да биде плодоносна. Идејата наша е да вклучиме најголем дел на граѓанскиот сектор во Македонија и секако би очекувала идната недела да добиеме исто така конкретни забелешки во однос на прашањата кои ги дотакнавте. Значи не е дека прашањата во однос на слободата и изразувањето и сето тоа што го подвлековте дека е надвор од политичките критеируми, туку во рамките на документот е така систематизиран. Значи, сите тие прашања кои се дел од  политичките критериуми не се поместуваат од политичките критериуми, туку остануваат во склопот на политичките критериуми. Ви благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам госпоѓа Арифи.

Со тоа ја затвораме дискусијата по првата точка и преминуваме по втората точка.

Доставено ви беше Мислењето за усвојување на правото на Европската унија во тек на 2012 година со анексите 1 и 2, да појаснам. Анексот 1 е список на сите закони кои го информираме Собранието дека ќе влезат во процедура во текот на 2012, врз основа на оваа ревизија, а ќе имаат европско знаме. Тоа не зависи од нашата волја, туку зависи од тоа што е кажано во Националната програма за усвојување на европското право.

Анексот 2 се издвоени оние закони од претходната листа, значи од 76-те, 10 закони за кои што предлагам да организираме јавна расправа во тек на оваа година. Оваа листа не завршува тука. Значи отворена е и може да се уфрлат и  некои други закони за јавна расправа. Меѓутоа во консултации со различните претседатели на соосветните тела и потпретседателот на Националниот совет мислевме дека ова е добра стартна позиција. Ако има некои предлози се разбира дека за нив ќе дискутираме. Она што е важно за да ни успеат дискусиите под анексот 2, и тука ќе побарам поддршка и од страна на пртставникот од Владата, тоа е законите да ги разгледуваме во јавна расправа, пред да влезат во Собраниска процедура. Кога ќе ги добиеме во собраниска процедура, тогаш е доцна да се организира јавната расправа. А за жал минатата година имавме прилично шарен успех. Еден дел од министерствата ги доставија како работен текст и мислам дека навистина сатанаа многу подобри, како што беше пример Законот за ревизија. претрпи

сериозна измена после јавната расправа, а еден дел од законите влегуваат во собраниска процедура и дел од службите треба да се претворат во детективи за да ги фатат на време да ги организираме јавна расправа, мислам дека тоа не е во ред. Од наша страна од Националниот совет ќе пишеме до сите министерства кои што се одговорни за подготовка на текстот дека очекуваме кога ќе имаат финализирана работна верзија, да ги достават до Собранието. Целта е да влијаеме на текстот а не само да биде политичка дебатата.

Отворам дискусија по мислењето и предлози некои за евентуални измени и дополнување. Она што е ново во мислењето е што овој пат даваме препорака до сите комисии ресорни во Собранието да ги разгледаат содржините на Националната програма од својата надлежност. Затоа што е невозможно да бидете, мислам или требаше секој од нас да дискутира по 45 минути, да влегуваме во дискусии по различнит епоглавја. Невозможно е. А, има многу што треба да се поправи, корегира или да се дебатира ако ништо друго. Така што очекувам дека комисиите ќе успеат да најдат термин во следниве две недели да дебатираат.

Дали некој бара збор или има предлози за измена.

Ако не, тогаш ги замолувам членовите и претставниците од Националниот совет за европски интеграции, со кревање рака да се изјаснат дали го поддржуваат мислсењето.

Благодарам.

Дали има некој против.

Воздржан.

Значи констатирам дека Националниот совет даде поддршка на мислењето, истото ќе ги замолам и колегите од Комисијата за европски прашања, издвоено е, затоа што мора да гласаме.

Дали го прифаќате мислењето со кревање рака?

Благодарам.

Дали има некој против?

Воздржани.

Благодарам.

Констатирам дека едногласно и Комисијата го усвои ова мислење. Ви заблагодарувам на вниманието и на времето и се гледамем во следна прилика.

Седницата заврши во 13.01 часот.